2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1190/2
16.12.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 3-та седница одржана на ден 16.12.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат без планска документација на К.П.бр.3023 К.О.Градец, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 4), со намена А1-1 и Помошен објект (зграда 5), на К.П.бр.3023, И.Л.бр.352 на земјиште во сопственост на Република Македонија, со адреса Село К.О.Градец, изградени надвор од опфат без планска документација на с.Градец, Виница, а по Барање од Лозена Захариева од с.Градец, Виница, заведено под број УП1 бр.11-435 од 16.03.2016 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1190
16.12.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

377

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница, донесена на 3-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.12.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1191/2
16.12.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија број 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25“) како и Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната установа за деца-Детска градинка и износот на надоместокот на трошоците за престој во Установа за деца што паѓа на товар на родителите („Сл.весник на РМ број 66/03 и 78/04“) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Предлог од Управниот одбор на ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница, број 02-262/2 од 05.12.2025 година, Советот на општина Виница на 3-та седница одржана на ден 16.12.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува месечниот износ на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница и износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите во установата за деца и пресметувањето и наплатата на надомест за време на отсуство на детето.

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги се утврдува месечно по дете и тоа:

1.За програма за целодневен престој-за дете до 6 години живот.....2.000,00 денари

2.За програма за полудневен престој-за дете до 6 години живот .....1.135,00 денари

3.За престој и исхрана на дете над 6 до 10 години возраст ..... 2.000,00 денари

Износот на трошокот за престој што ги плаќа родителот - корисник на услугата изнесува 2.000,00 денари фиксно за целодневен престој и 1.135,00 денари за полудневен престој, без разлика на редовноста на детето во текот на еден месец.

Износот од член 2 на оваа Одлука ќе се усогласува еднаш годишно, според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50 % и просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија во висина од 50 %, согласно следната формула

$И^1 = И° \times (0.5 \times ГИТЖ + 0.5 \times ПП)$

И°= основен износ (2.000 денари/1.135 денари зависно од програмата)

ГИТЖ = годишен индекс на трошоци за живот во однос на претходната година (изразен како процент)

ПП - пораст на просечно исплатената нето плата по вработен во однос на претходната година (изразен како процент)

$И^1$ - износ на усогласување

$И^1$ (износ за усогласување) ќе се додава на моменталната цена и добиената усогласена цена ќе претставува износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУДГ „Гоце Делчев“-Виница што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги месечно по дете.

Добиената усогласена цена ќе претставува И° (основен износ) за следните усогласувања.

Оваа Одлука ќе биде составен дел од Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за цените и услугите што ги дава ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓа на товар на родителите.

Член 3

Општинската јавна установа за деца - детска градинка „Гоце Делчев“ Виница е должна да ги извести родителите за секое усогласување на цените преку Огласна табла и преку социјалните мрежи.

Член 4

Од учеството на корисникот на услугата-родителот се обезбедуваат најмалку 65 % за прехранбени производи за исхрана на децата, а остатокот од 35 % за другите елементи од надоместокот (материјални трошоци) кој сооднос изнесува:

-За програмата за целодневен престој 1.300,00 денари за прехранбени производи и 700,00 денари за материјални трошоци.

-За програмата за полудневен престој 736,00 денари за прехранбени производи и 399,00 денари за материјални трошоци.

-За престој и исхрана на дете над 6 до 10 години: 1.300,00 денари за производи и 700,00 денари за материјални трошоци.

Член 5

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1191
16.12.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

378

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за можно згрижување на одбиени барателиа азил од Велика Британија во Република Северна Македонија т.е. во општина Виница и неусвојување на предложени Заклучоци

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за можно згрижување на одбиени барателиа азил од Велика Британија во Република Северна Македонија т.е. во општина Виница и неусвојување на предложени Заклучоци, донесен на 3-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.12.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1192/2
16.12.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 3-та седница одржана на ден 16.12.2025 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За разгледување на Информација за можно згрижување на одбиени барателиа азил од Велика Британија во Република Северна Македонија т.е. во општина Виница и неусвојување на предложени Заклучоци

Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за можно згрижување на одбиени барателиа азил од Велика Британија во Република Северна Македонија т.е. во општина Виница и не ги усвои следните Заклучоци:

1. Советот на општина Виница јасно и недвосмислено се спротивставува на евентуалното прифаќање на одбиени барателиа азил од Велика Британија на територијата на општината и воопшто во целата држава.
2. Советот смета дека евентуалното прифаќање ќе претставува економски, институционален и безбедносен ризик за Локалната заедница, изразува категорично несогласување со какви било намери, одлуки или планови на Владата на Република Северна Македонија.
3. Советот бара Владата и сите надлежни државни институции итно и официјално да соопштат дали постојат било какви активности кои се однесуваат на прифаќањето на одбиените барателиа азил, поврзани со нашата општина и воопшто со целата држава.
4. Советот го задолжува Претседателот на Советот, овој Заклучок да го достави до Градоначалникот, до Владата, до надлежните Министерства и сите релевантни институции.
5. Советот го заддржува правото на повторно свикување седница доколку од надлежните органи пристигнат официјални информации или иницијативи за кои општината треба да реагира.

Број 09-1192
16.12.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

379

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации

1.Се објавуваат Заклучоците против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации, донесен на 3-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.12.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1193/2
16.12.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Имајќи ги предвид надлежностите на единиците на локалната самоуправа во заштитата на безбедноста, јавниот ред, квалитетот на животот и стабилноста на локалната заедница;

Имајќи ја предвид чувствителноста на прашањата поврзани со миграцијата и нивното директно влијание врз општините, граѓаните и локалните институции;

Загрижени за појавата на лажни информации, манипулации и дезинформации во јавноста, со кои се создава страв, несигурност и вознемиреност кај граѓаните;

Свесни дека ваквите појави не претставуваат легитимна политичка дебата, туку директно го нарушуваат општествениот мир, довербата во институциите и стабилноста на локалната заедница;

На седницата одржана на 16.12.2025 година на Советот на општина Виница ги донесе следните:

ЗАКЛУЧОЦИ ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ЗА МИГРАНТСКИ КАМПОВИ И ПОЛИТИЧКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ

1. СЕ ОСУДУВА лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општината.
2. СЕ КОНСТАТИРА дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалните заедници.
3. СЕ ПОТВРДУВА дека на територијата на општина Виница нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.
4. СЕ УТВРДУВА дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови, и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.
5. СЕ ИЗРАЗУВА поддршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.
6. СЕ ИСТАКНУВА дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.
7. СЕ ПОВИКУВААТ сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општината.
8. ОВИЕ ЗАКЛУЧОЦИ претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Виница стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.
9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите

официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

Број 09-1193
16.12.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

380

Содржина

1.....Решение за формирање на Комисија за изготвување Предлог-Програма за работа на Советот на општина Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
2.....Решение за измена на Решение за избор на Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, број 09-1002 од 11.11.2025 година.
Решение за објавување.
2.....Решение за измена на Решение за избор на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, број 09-1005 од 11.11.2025 година.
Решение за објавување.
3.....Решение за дополнување на Решение за овластување на советници на Советот на општина Виница за склучување на брак, број 09-1006 од 11.11.2025г.
Решение за објавување.
4.....Одлука за давање на времено користење на Недвижна ствар -Административен простор на КП бр. 8519/2 КО Виница на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство-Скопје (Шумска полиција Ш.П.С-Виница), со надоместок.
Решение за објавување.
5.....Одлука за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
5.....Одлука за одобрување финансиски средства на Лука Змејкоски од Виница, за учество на Европско првенство во кик бокс во Италија.
Решение за објавување.
6.....Одлука за усвојување на Барање од Сашко Станоевски од Виница, за приклучување на водоводна и канализациона мрежа во Виница.
Решение за објавување.
7.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение за хуманитарни цели и активности УМИЛЕНИЕ-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
7.....Одлука за одобрување финансиски средства за организирање на фестивал „Cafe De Anatolia Festival 2026“.
Решение за објавување.
8.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани БЕСКОНЕЧНО ЦАРСТВО-Виница во 2026 година.
Решение за објавување.
9.....Одлука за одобрување финансиски средства на ЛЗ Бел Камен-Виница во 2026 година.
Решение за објавување.
9.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение Доброволно противпожарно друштво Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
10.....Одлука за усвојување на Програма на активности и одобрување финансиски средства на Здружение Мото клуб ДРАГОНС-Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
11.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Регионална занаетчиска комора Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
11.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение на пензионери-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
12.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение на жени „Златни срца“-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
13.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Спортско, Риболовен, Еколошки клуб „КРАП“-Виница во 2026 година.
Решение за објавување.
13.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Бадминтон клуб „ВИНЧИНИ“-Виница во 2026 година.
Решение за објавување.
14.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение за организирање на културни настани настани ЛАПА ФЕСТ-с.Градец, Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
15.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Кошаркарскиот клуб ВИНЕАМ-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавуње.
15.....Заклучок за повлекување на 22 та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
16.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение на граѓани АПОГЕЈ-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
16.....Одлука за усвојување на Програма за работа на ОО на Црвен крст-Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
17.....Одлука за одобрување финансиски средства на ОО на Црвен крст-Виница во 2026 година.
Решение за објавување.
18.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение за единствени приказни ДЕТЕЛИНА-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.

18.....Одлука за усвојување на Програма за работа на ФА „КИТКА“-с.Истибања, Виница и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2026 година.
Решение за објавување.
19.....Одлука за усвојување на Програма за 41-от Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ и одобрување финансиски средства за реализирање на Програмата во 2026 година.
Решение за објавување.
20.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Ротари клуб Кочани-Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
20.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение за планински спортови ЧУПИНО-Виница и одобрување финансиски средства за организирање и спроведување на Меѓународни трки во планинско трчање во 2026 година.
Решение за објавување.
21.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА“-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
22.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение за Параглајдинг и Планински спортови ИСТОЧНИ КРИЛА-Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
22.....Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Клуб за боречки вештини Лидер-Дуке-Виница во 2026.
Решение за објавување.
23.....Одлука за одобрување финансиски средства на Кошаркарскиот клуб „Славчо Стојменски“ Албатроси-Виница во натпреварувачката 2025/2026 година.
Решение за објавување.
24.....Одлука за одобрување финансиски средства на ФК СЛОГА-1934 Виница, за натпреварување, организирање, работење и водење во 2025/2026г.
Решение за објавување.
24.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение на Слепи лица-Кочани и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
25.....Одлука за усвојување на Програма за работа на Здружение на жени ЗЛАТНО ДОБА-Виница и одобрување финансиски средства за 2026 година.
Решение за објавување.
26.....Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница.
Решение за објавување.
26.....Решение за именување в.д.членови на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ Виница.
Решение за објавување.
27.....Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница.
Решение за објавување.
28.....Јавен повик за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница.
Решение за објавување.
30.....Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница.
Решение за објавување.
30.....Јавен повик за избор на членови во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница.
Решение за објавување.
33.....Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови во Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за комиунални работи „Солидарност“-Виница.
Решение за објавување.
34.....Одлука за одобрување финансиска помош на Ленка Стојчевска од с.Градец, општина Виница, за реновирање на куќа.
Решение за објавување.
34.....Одлука за одобрување финансиска помош на Васка Стојменова од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
35.....Одлука за одобрување финансиска помош на Миле Јаќимовски од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
36.....Одлука за одобрување финансиска помош на Бајрам рашидов од Виница, за изградба на пристапна патека за инвалидска количка.
Решение за објавување.
36.....Одлука за одобрување финансиска помош на Себајдин Мустафов од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
37.....Одлука за одобрување финансиски средства на Црква Св.„Троица“-с.Трсино, општина Виница.
Решение за објавување.
37.....Одлука за одобрување финансиски средства на Марјан Анастасовски од Скопје за издавање на книга по НИНЦУЦУ.
Решение за објавување.
38.....Одлука за одобрување финансиска помош на Митат Исмаилов од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
39.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат со планска документација на КП бр.37/1 КО Блатец, Виница.
Решение за објавување.
39.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат со планска документација на КП бр.7792 КО Блатец, Виница.
Решение за објавување.
40.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат со планска документација на КП бр.1678 и 3164 КО Градец, Виница.
Решение за објавување.

41.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат со планска документација на КП бр.3023 КО Градец, Виница.
Решение за објавување.
42.....Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ОЈУДГ „Гоце Делчев“ Виница.
Решение за објавување.
43.....Заклучок за разгледување на Информација за можно згрижување на одбиени барателиа на азил од Велика Британија во Република Северна Македонија т.е. во општина Виница и неусвојување на предложени Заклучоци.
Решение за објавување.
44.....Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации.
Решение за објавување.